


# Прирачник за волонтери

**Почитувани волонтери,**

Одбројуваме до ЦЕВ Евроволеј 2023 - Европското првенство 2023 во сениорска конкуренција како врвен спортски настан во одбојкарскиот спорт на којшто настапуваат најдобрите играчи во Европа. Ќе ни претставува огромно задоволство доколку сакате да бидете дел од ова несомнено незаборавно европско првенство чијшто домаќин ќе биде Македонија, во организација на една од четирите групни фази во Скопје. Имате шанса да го направите ЦЕВ Евроволеј 2023 незаборавен настан за спортистите, навивачите и за официјалните лица, бидејќи со вашата поддршка и страст за спортот, сакаме да му покажеме на целиот свет дека одбојката во Македонија е во својот дом!

Дали сакате да ја запознаете холандската одбојкарска суперѕвезда Нимир Абдел Азиз и да го придружувате во текот на шампионатот? Или да и‘ помогнете на една од најдобрите светски репрезентации како што е Полска да го даде најдоброто од себе? Капитенот Никола Ѓорѓиев и целата македонска репрезентација ве очекуваат заедно како домаќини да придонесете да организираме незаборавно првенство. Би сакале ли да бидете во друштво на најпознатите одбојкарски тренери, судии, официјални лица, можеби дури и да го облечете костимот на маскотата, или да се грижите за забавата на навивачите од континентот? Ве привлекува ли можноста да им помагате на претставниците на медиумите од цела Европа во нивната работа? Сето тоа и многу повеќе е можно доколку се пријавите како волонтер на **ЦЕВ Евроволеј 2023**.

Можеме да гарантираме дека ќе има можност одблиску да видите како функционира едно европско првенство преку волонтерската работа, ќе имате неверојатни искуства и ќе запознаете безброј интересни луѓе. Ќе станете побогати за вредни професионални искуства, а ќе добиете тренинг за одредени лични и професионални вештини без никаков финансиски надомест од ваша страна. Пред вас е шанса да се сретнете со различни култури и да изградите вредни пријателства. Овие спомени ќе останат со вас до крајот на животот.

**Значи, што треба да направите?**

Волонтерите можат да аплицираат за една од дадените позиции по сопствен избор и доколку влезете во потесен избор, ние ќе ве контактираме. За да учествувате во волонтерската програмата мора да имате најмалку 18 години, а искуството во спортски настани не е апсолутен услов. Вашата страст да бидете дел од поголем тим на спортски мега настан е доволна причина да аплицирате.

Ве очекува широк спектар на возбудливи искуства во 10 (десет) оперативни области. Од грижа за тимовите учесници и поддршка за одвивање на активностите во спортската сала, до обезбедување информации за сите директни актери и гости на Европското првенство 2023. Без нашите волонтери одржувањето на овој грандиозен настан за Македонија е незамисливо.

Кога аплицирате, можете да изберете во која област би сакале да се вклучите. И сите волонтери, се разбира, ќе добијат соодветна волонтерска опрема и ќе им бидат обезбедени оброци и пијалоци за време на својата смена.

Вие ќе го претставувате лицето на Првенството, на Федерацијата, на одбојката како спорт и на нашата држава.

Ако не планирате ништо друго за крај на летото во периодот од 26.08 – 07.09.2023 и сакате да бидете дел од еден од најголемите спортски настани во Европа, тогаш погледнете ги различните работни места на следните страници.

Со нетрпение очекувам да работиме заедно и пред се` да се дружиме!

Со почит,

Нада Рочевска

Менаџмент на волонтери

## Опис на волонтерски работни позиции

### 1. Центар за акредитирање

**Опис на оперативната област**

Волонтерите избрани како дел од тимот во центарот за акредитирање ќе бидат директно вклучени во процесот на обработка и распределба на акредитации за сите ангажирани лица на првенството. Секој учесник на Евроволеј 2023 добива акредитација за да може да се идентификува во арената и да добие пристап до различните зони во арената и сите други објекти. Тоа подразбира пристап до трибините, телевизискиот продукциски простор, трибините, теренот за игра, салата за тренинг, хотелите, возилата за превоз итн. Акредитации се издаваат за сите учесници: членови за организација, судии, натпреварувачи, официјални лица, медиуми, волонтери, даватели на услуги... Акредитациите се печатат во центарот на акредитирање лоциран во арената „Борис Трајковски“ и се доделуваат на секој поединец.

Процесот на акредитација го вршат професионалци од ЦЕВ (Европска одбојкарска конфедерација) и од ЛОК (локалниот организациски комитет), коишто се поддржани од вас.

Волонтерите треба да бидат пријателски расположени и да поседуваат трпение и добри комуникациски вештини кога се собираат податоци, се прават фотографии и се печатат акредитации за странските и за домашните гости. Во принцип, треба да уживате во работата со бази на податоци, за што ќе ви обезбедиме претходна обука.

Работата во оваа оперативна област започнува неколку дена пред првите натпревари. Овој тим особено ќе биде многу зафатен пред почетокот на првенството и на првиот ден (30-ти август). Откако ќе започне групната фаза, обврските ќе се намалат, па иако центарот за акредитирање ќе работи постојано, можно е да бидете прераспределени на други позиции за коишто навремено ќе ви обезбедиме точен распоред и информации за активностите. Волонтерите од оваа оперативна област во голема мерка го одредуваат целокупниот впечаток на учесниците од настанот.

**Клучни задачи:**

- Пречекување на акредитираните учесници (медиуми, волонтери, даватели на услуги, добавувачи, спонзори…) коишто претходно побарале акредитација, нивна идентификација и потврда на барателите
- Изготвување (печатење) на акредитациите за играчите, официјалните лица и за судиите
- Проверка на точноста на податоците
- Помагање на персоналот за акредитација во разрешување евентуални проблеми во врска со барањата за акредитација
- Обезбедување општа административна поддршка на тимот за акредитација
- Поддршка при поставување и затворање на центарот за акредитација

**Лични карактеристики**

Бараме зрела личност со добро познавање англиски јазик, работа со компјутери и бази на податоци. Треба да имате способност да внимавате на детали, а следењето правила да не ви преставува проблем. Искуство во обезбедување корисничка поддршка, исто како и смиреност и фокусираност во случај на голема фреквенција на работа, се смета како ваша значајна предност. Доколку поседувате проактивност и енергичност, се разбира и желба да бидете „лицето“ на ЕП 2023, вие сте на вистинското место.

**Работни денови:** **10**/11 дена

27.08; 28.08; 29.08 / 10h. – 22h.

30.08 – 06.09 / 10h. – 18h.

**Поддршка на национален тим**

## 2. Водач на тим (Team guide)

**Опис на оперативната област**

Позицијата водач на тим е дел од оперативната област „Поддршка на националниот тим“. Секоја репрезентација ќе добие свој водач којшто ќе претставува „очи и уши“, односно

контакт лице и сервис на секој тим. Вие ќе бидете директно одговорни за комуникација меѓу претставниците на одредена земја и ЛОК (локалниот организациски комитет на Европското првенство). Вашата задача е да бидете достапни во секое време на денот и на ноќта (24/7) за да им помогнете на тимовите од моментот кога ќе пристигнат до нивното заминување. Преку вас тие ќе добиваат информации за оброци, за времето на тренинг и за превоз, ќе им помагате во организирање на превозот, на перењето опрема и на се што им е потребно.

Ваша задача ќе биде да ги проследите сите барања до ЛОК доколку не можете или не знаете сами да ги исполните. Оваа работна позиција бара сериозен пристап, културен однос, долги работни часови (иако ангажманот е и во договор со тим менаџерот на репрезентацијата), па затоа ќе престојувате и ќе се храните во хотелот каде што е сместен тимот. Вие ќе бидете „лицето“ на целиот организациски тим, на својата земја и на својот народ бидејќи сте во директна комуникација со претставниците на одредена земја. Значаен дел од нивниот целокупен впечаток на ова првенство ќе зависи од вашиот однос. Затоа **„не знам“** и **„не може“** не се прифатливи одговори. Доколку не знаете, прашајте. **Доколку не можете, слободно побарајте помош, сите заедно работиме како еден тим**.

**Клучни задачи:**

- Директна комуникација помеѓу ЛОК и репрезентацијата
- Пречек на тимот (репрезентацијата) на аеродром
- Координација на транспорт на репрезентацијата од аеродром до хотел, а доколку е потребно и до салата за тренинг и до натпреварувачкиот комплекс. Го следи тимот со автобус доколку тимот се движи со автобус во слободните денови
- Присуство за време на тренинзите
- Грижа за сите потреби на тимот (репрезентацијата) во хотелот (исхрана, сместување, договарање соби за видео подготовка или состаноци, комуникација со бирото за информации итн.)

**Лични карактеристики:**

Доколку сте позитивна, комуникативна, проактивна и енергична личност, којашто комуницира на течен англиски јазик и сака да запознае различна култура, доколку сакате да помагате не знаејќи да го употребите одговорот „не може“, а сте подготвени да посветите време и енергија за да оставите силен личен печат за ја претставите Македонија на најдобар можен начин, за нас вие сте совршен кандидат. За возврат ќе добиете огромно искуство, многу нови, вредни контакти, ќе бидете во допир со нова

култура и ќе бидете директно вклучени во активностите на тимот (репрезентацијата) и на сите негови случувања на ЕП. Ако сакате предизвик и ретка можност да бидете дел од репрезентација којашто игра на европско првенство, вие сте добредојдени.

**Работни денови: 10**
**28.08 – 06.09/** 24h.се на располагање на репрезентациите и спијат во хотелот каде е сместена репрезентацијата за којашто се назначени.

**Менаџмент на гости**

### 3. Тим за информации (во хотелите за тимови и за службените лица)

**Опис на оперативната област**

Волонтерите во „Менаџмент на гости“ се распоредени во хотелите на тимовите, на службените лица, по потреба и на гостите, во и околу арената и на аеродромот. Во хотелите го формираат таканаречениот „хелп деск“ – „биро за помош“ каде што ги обезбедуваат и претставуваат најновите информации за ЦЕВ Евроволеј 2023. Исто така, волонтерите им помагаат на учесниците со сите прашања поврзани со организацијата како што се резервации на сали за состаноци, користење на услугата за перење во хотелот и координирање превоз (автобуси/возила). Надвор од арената, тие служат како важна врска меѓу гостите/учесниците и организаторот (ОФМ – Одбојкарската федерација на Македонија).

Волонтерите на аеродромот се првиот контакт што гостите на ЦЕВ Евроволеј 2023 ќе го имаат со настанот. Покрај добредојде на учесниците, волонтерите се грижат гостите да се упатат кон соодветните автобуси/возила и потоа до нивниот хотел и да помогнат ако има некакви проблеми, на пример со багажот.

Во арената, тимот на „Менаџмент на гости“ помага во грижата за ВИП личностите, како илустрација, во сегментот за доделување билети, за комуникација со гостите, со спортистите, со медиумите и со навивачите, и служи како општа точка на контакт за различни прашања.

Тимот на „Менаџмент на гости” во хотелите и во арената ќе биде активен во текот на целиот настан. Некои волонтери ќе треба да бидат достапни малку порано за да ги пречекаат гостите, на пример на аеродромот иако ова ќе биде само во еден или во два

дена кога ќе пристигнуваат репрезентациите. Работата на волонтерите на аеродромот потоа ќе заврши, а вие ќе бидете распоредени на други места.

За да ве подготвиме за справување со различни групи гости и да ви дадеме можност да се запознаете со локациите, ќе добиете соодветен тренинг.

### 3.1 Волонтери во хотел (и) - Welcome desk

На оваа позиција ќе бидат 2 (два) тима со по 4 (четворица) волонтери. Тие ќе работат во две смени во двата хотела во коишто ќе бидат сместени тимовите (репрезентациите), како и службените лица.

Информативното биро ќе претставува сервис на репрезентациите и на службените лица со сите потребни информации околу превозот, тренинзите, натпреварувањето, организираните активности во текот на настанот. Вашата работна позиција ќе претставува сервис на сите актери на ЦЕВ Евроволеј2023, што подразбира и блиска професионална соработка со водачите на тимовите за задоволување на потребите на репрезентациите и на службените лица.

**Клучни задачи:**

- Грижа за навремено добивање на сите информации од ЛОК
- Пренесување на сите потребни информации до репрезентациите во насока на превоз, тренинг и натпреварување
- Истакнување нови информации на огласната табла во хотелот
- Доколку има потреба, обезбедување одредена информација за водачите на тимовите (на пример проверка до каде е превозот итн.)
- Одговор на одредени логистички потреби на репрезентациите доколку се обратат кај вас (мапа на Скопје, оддалеченост на некоја локација, обезбедување такси во координација со рецепцијата на хотелот, итн.)
- Одговор, односно изнаоѓање решение на сите поставени задачи од водачите на тимовите или од кое било службено лице: давање препорака за ресторани, места за прошетка и за релаксација, културно-историски знаменитости, резервации на ресторани и слично, секако во претходна координација со ЛОК

**Лични карактеристики:**

Позитивниот пристап, насмевката и желбата да помогнете, на оваа работна позиција ќе ве води до нов предизвик во секој нов ден. Треба да бидете подготвени да ги добиете сите

потребни информации, користејќи ја својата карактеристика да комуницирате учтиво и со течно зборување англиски јазик. Со оглед дека ќе контактирате со странци, голема предност ќе биде доколку комуницирате и на други јазици. Ова особено се однесува на волонтерите коишто на почеток на настанот ќе бидат лоцирани на аеродромот.
За да им помогнете на гостите колку што е можно подобро, би било корисно, но не е суштинско, да го познавате градот Скопје, неговите сообраќајници, знаменитости, ресторани... Со вашите пријателски гестови и подготвеност да помогнете, ќе се потрудите гостите на ЦЕВ Евроволеј 2023 да се чувствуваат удобно каде и да се.
Потребно е да поседувате добри организациски вештини, да водите сметка за детали, да бидете тимски играч и да одговорите смирено и професионално во секакви ситуации без оглед на начинот и тонот на соговорникот.
Доколку секој нов ден го очекувате со насмевка, а го украсувате со културен однос и со ведар дух, дојдете и придружете ни се.

**Работни денови: 10**

**28.08 – 06.09**

Се работи во два хотела, Александар Палас и Холидеј Ин, во две смени по двајца

од 09h – 24h.

Напомена: Потребно е да се носи пристојна облека, тоа значи пантолони (фармерки) за мажите, а за девојките здолништа до или под коленици или фармерки/панталони.

## 3.2 ВИП Протокол

Волонтерите на оперативната област „Протокол“ ќе обезбедуваат услуги за ВИП, како и за официјалните гости и за раководители на ЦЕВ Европското првенство 2023 година.

**Клучни задачи:**

- Учество во организациска подготовка на ВИП зоните
- Учество во процедурите за подготовка и спроведување услуги за клиентската група
- Контрола на пристапот до зоните за престој на ВИП гости. Помош во сместување на гостите
- Помош во претставување на клиентите
- Издавање покани за различни настани за гостите

- Дистрибуција на информативни материјали и сувенири

**Лични карактеристики:**
Оваа оперативна област е чувствителна поради природата на луѓето со коишто ќе соработувате. Сериозност, посветеност, дискретност, лојалност, независност сами да ги спроведувате задачите, работа под притисок, брзо изнаоѓање решение на секакви предизвици, културен, одмерен однос во секакви ситуации, и секако, задолжително познавање англиски јазик, се само некои од многубројните потребни лични и професионални карактеристики на волонтерите од оваа оперативна област.

**Работни денови: 8**

**30.08/** 18h. – 23(24h.);

**31.08 –** 06.09/15h. - 23(24h.);

## 4. Техничка поддршка

**Опис на оперативната област**
Во овој поглед, волонтерите се основа на секој спортски настан. Вие ќе помагате во монтирање на маркетинг материјалите во и околу сала, по потреба и ќе учествувате во местење и разместување бина за церемонијата на отворање. Ваша грижа може да биде и брендирањето, односно поставувањето паноа, рекламни материјали и се што е потребно на предвидените места во и околу салата.

**Клучни задачи:**

- Монтирање на бината и давање упатства на трибини за време на церемонијата на отворањето, како и на натпреварите
- Помош за брендирање на салата внатре и надвор
- Асистирање на преостанатите колеги во другите сектори секогаш кога ќе има потреба за тоа

**Лични карактеристики**

Бараме машки лица со солидна физичка кондиција, комуникативни, коишто ќе сакаат да дадат свој придонес во речиси секој сектор од организацијата на Европското првенство 2023. Работата бара да бидете дел од тим во којшто сите заедно и со тимски дух успешно

ќе ги совладате сите предизвици. Не е потребно никакво посебно познавање англиски јазик, но доколку го зборувате, секако ќе се смета за предност. Добро расположение, тимски дух и насмевка ви се сосема доволни за да бидете дел од овој тим.

**Работни денови: 2-3**

**26.08 – 28.08** часот ќе биде дополнително договорен.

Овие волонтери потоа ќе бидат распределени на други волонтерски позиции.

### 5. Придружник за допинг контрола(Шаперони)

**Опис на оперативната област**

Оваа позиција бара голема дискреција бидејќи вие сте лицето коешто ќе треба да ги однесе точно утврдените натпреварувачи на допинг контрола по претходна најава од допинг комисијата, а тоа не е пријатен, иако е вообичаен момент на спортските настани. Треба да сте свесни за чувствителноста на позицијата и за јасните и прецизни правила. Вие ќе имате близок контакт со водачите на тимовите коишто ќе ве известат за тоа кој натпреварувач треба да оди на контрола.

**Клучни задачи:**

- Известување на играчите избрани за допинг контрола и нивна придружба од периодот кога се известени па сè до комплетирање на допинг тестот
- Помош на стручните медицински лица доколку го побараат тоа

**Лични карактеристики:**
Одлична комуникација на англиски јазик, професионален однос, прецизност и љубезно однесување се дел од карактеристиките за оваа позиција. Секако, дискретноста и посветеноста се подразбираат. Доколку се гледате себе си на оваа позиција, вашата помош ќе ни биде повеќе од добредојдена.

**Работни денови: 8**
**30.08 – 06.09 /** 17h. – 24h.
**Напомена:** За оваа позиција ќе следи посебна кратка обука. Денот и часот ќе бидат одредени дополнително.

## 6. Операции на терен во сала за време на натпревари и тренинзи

**Опис на оперативната област**

Тимот волонтери на „Операции на терен во сала за време на натпревари и тренинзи“ е на должност покрај теренот и на самиот терен, а понекогаш помага во активностите за поставување и демонтирање опрема на почетокот и набргу по завршувањето на натпреварите на ЦЕВ Евроволеј 2023.

Волонтерите во непосредна близина на теренот се одговорни за снабдување со топки, со вода и за бришење на теренот. Исто така, тие ќе бидат на располагање за логистички задачи за време на тренинзите и на натпреварите. Ова вклучува складирање и обезбедување топки, крпи, вода и мраз пред и по натпреварите и тренинзите.

Дополнително, тимот „Операции на терен во сала за време на натпревари и тренинзи“ ја подготвува опремата за националните тимови и се грижи се да е на своето место пред и по натпреварите и тренинзите. Ова подразбира и средување на клупата на којашто седи тимот покрај теренот. Волонтерите во овој тим, исто така, водат грижа за употребата и достапноста на сите потребни реквизити.

Волонтерите не се директно вклучени во судењето или менаџирањето, но се грижат професионалците да ги имаат сите потребни услови за работа за нивно непречено извршување на обврските околу првенството.

На тимот ќе му бидат доделени членови коишто можат спонтано и флексибилно да помогнат. Тие обезбедуваат поддршка во случај на отсуства на персоналот, а дополнително ги снабдуваат волонтерите со храна и пијалоци кога работат надвор од арената.

Ако сакате навистина да се приближите до случувањата на терен во европската одбојка, оваа оперативна област е токму за вас.

Бараме волонтери коишто ќе дадат се од себе за време на првенството и брзо ќе реагираат на желбите и барањата на судиите, менаџерите, тимовите.

Оваа улога им одговара и на волонтери коишто сакаат ред и навремено одвивање на сите процеси во текот на натпреварите и на тренинзите. Потенцијалните волонтери треба да бидат способни да ракуваат со опремата одговорно и да имаат „око“ за контрола на

квалитетот. Ако уживате да помагате во создавање идеални услови за непречено одвивање на првенството, тогаш ова е вистинскиот тим за вас.

**Клучни задачи:**

- Помош на играчите за време на натпреварите околу сервис (додавање топки) и бришење на топките
- Обезбедување поддршка на организацијата на натпреварите во сала
- Репродукција на формулари и разни материјали
- Изготвување и печатење документација
- Дистрибуција на потребни формулари, списоци и документи на присутните новинари

**Лични карактеристики:**

За оваа позиција потребно е пред се‘ добро да го познавате спортот (одбојката), како и да имате брзи реакции и добра концентрација. Познавањето англиски јазик, комуникациските способности, тимскиот дух, подготвеноста и желбата за помош се основни карактеристики за ваш ангажман. Доколку одбојката е спорт во којшто навистина уживате и ја познавате и сакате да бидете блиску до репрезентативците за да ја почувствувате атмосферата на терен, а изготвување податоци не ви преставува проблем, тогаш дојдете и придружете ни се.

**Работни денови: 8**
**30.08 – 06.09**/ 8:30h – 23h. во смени
9h. – 15h на тренинзи на денот пред самиот натпревар

## 7. Организација на маркетинг настани

Волонтерите од оперативна област „Организација на маркетинг настани“ ќе му помагаат на маркетинг тимот на ЛОК во следните активности:

**Клучни задачи:**

- Помош при реализација на маркетинг активностите во Одделот за оперативен маркетинг
- Решавање на оперативните предизвици на Секторот
- Контрола на знаци и индикатори (навигација), украсни елементи. грижа за опремата на спонзорите, како и за продажните места во арената

- Контрола на прикажување исклучиво брендови на спонзори и носителите на лиценца на ЦЕВ
- Помош во организирање обиколки на салата за маркетинг партнери

**Лични карактеристики:**

Доколку маркетингот е поле од ваш интерес или можеби имате и одредено искуство и сакате да видите како изгледа на спортски настан од рангот на европско одбојкарско првенство, тогаш можеби овој предизвик е вистинскиот за вас. Ако имате љубопитност, креативност, не се повлекувате пред предизвиците, а сакате да помогнете во реализација на идеите на спонзорите и на маркетинг партнерите, како и на зацртаните маркетинг активности на тимот со цел првенството да го направите што поатрактивно за гледачите и за навивачите, тогаш ова е вистинското место за вас.

**Работни денови: 10**

**28.08 – 06.09 во смени**

## 8. Медиумски операции - „Медиа центар“

**Опис на оперативна област**

Волонтерите во тимот „Медиумски операции“ се распоредени на различни места во арената. Тие го поддржуваат одделот за медиумски операции и обезбедуваат помош на новинарите коишто работат таму. Тие се контакт лица за претставниците на медиумите на новинарската трибина и на коментаторските места, а воедно се алка меѓу играчите и претставниците на медиумите во таканаречената „микс зона“ по натпреварите и ги придружуваат тренерите и играчите на прес-конференциите.

Со волонтерскиот тим „Медиумски операции“ раководи менаџер на медиуми, којшто е вработен специјално за оваа намена.

Волонтерите задолжени за контакти со новинарите треба да зборуваат англиски јазик, а предност е доколку користат уште некој друг јазик. Од вас ќе се бара да ги пренесувате листовите со статистика до новинарите по секој одигран сет, да им доставите список со играчи, состави за претстојниот натпревар...

Смените секогаш ќе започнуваат неколку часа пред првиот натпревар во денот, а ќе завршуваат околу два часа по завршување на последниот натпревар во денот.

Волонтерите од оперативна област „Медиумски операции“ ќе им асистираат на претставниците на медиумите акредитирани за ЦЕВ Европското првенство 2023. Волонтерите ќе бидат распоредени на различни места каде што работат новинарите: медиумски центар, микс зона, трибина за медиуми, коментаторски позиции, сала за прес-конференции, фото позиции, а исто така ќе помагаат во споделувањето информации за медиумите.

**Клучни задачи:**

✓ Медиумски центар
- Работа на информативното биро
- Давање совети и сервисна поддршка на акредитираните медиуми
- Распределба на статистички податоци
- Општа контрола на медиумскиот центар
- Достапност на потребните услуги

✓ Микс зона
- Му помагаат на „Инфронт“ во контрола на работа на медиумите
- Доколку е потребно, обезбедуваат јазична и техничка поддршка

✓ Прес-конференции
- Подготовка на салата за прес-конференции
- Помош во одржувањето на конференции во согласност со сите протоколи (правилно поставување брендирани производи, непречено функционирање на микрофоните, издавање и собирање слушалки за симултано толкување итн.)

✓ Трибина за медиуми
- Ќе помагате во консолидација и дистрибуција на статистичките податоци
- Ќе го следите редот и работењето на сите сервиси

**Лични карактеристики:**

Оваа позиција е отворена за волонтери коишто сакаат контакт со луѓе, а се брзи и исполнителни во извршување на своите задачи. Потребна е желба за да работите и да

добиете искуство во работа со медиумите, а претходно искуство во оваа област ќе се смета за предност, но не е пресудно.

**Работни денови: 10**

**28.08 – 06.09/** 10h – 23:30h. во две смени

## 9. Забава за посетителите

**Опис на оперативната област**

Волонтерите од „Забава за посетителите“ ќе му помагаат на ЛОК во организирање и спроведување активности за гледачите во спортската сала и секаде каде што ќе бидат одржувани различни промотивни, или, пак, активности со забавна содржина наменети за посетителите. Волонтерите од оваа оперативна област ќе бидат главни креатори на атмосферата во спортските објекти.

### 9.1 Грижа за гледачите

**Опис на оперативната област**

Откако гледачите ќе влезат во сала, ќе бидат упатувани до нивните седишта. Некои гледачи ќе бидат првпат во сала и можеби ќе им биде тешко да ги најдат своите места во салата според билетот којшто го имаат.

За пријатен престој на гледачите на ЦЕВ Европското првенство 2023, волонтерите од оперативната област „Грижа за посетители“ ќе му помагаат на ЛОК во следните области:

**Клучни задачи:**

- Поздравување на гледачите на два јазика на влез, како и при напуштање на салата
- Насочување и информирање на трасата на движење на гледачите околу сала како и кон своите седишта
- Помош на гледачите лесно да ги најдат своите места со проверка на деталите за билетите (порта, блок, патека, ред и броеви на седишта)
- Поставување патокази за гледачите да можат лесно да ги најдат своите места
- Помош на гледачите со какви било проблеми со седење (на пр. двојни билети, попречен поглед, скршени седишта итн.)
- Активности и услуги за гледачите
- Информација за забранети предмети за носење во спортската арена

- Примање и издавање работи во шкафче за багаж и канцеларија за изгубен имот со пополнување соодветни обрасци

  *Следење недозволени дејства каде што се сместени гледачите:*

  - Набљудувајте и грижете се патеките за движење и скалите да бидат секогаш слободни за да има непречено движење на гледачите во секое време
  - Советувајте ги гледачите да се вратат на своето место ако предолго стојат на патеките за движење
  - Учтиво советувајте го гледачот да се придржува до правилата и да седне на своето местото доколку попречува на другите гледачи со своето дејствие (проценета ја ситуацијата кога треба да го опомените, кога да го оставите)
  - Ако лицето го повтори недозволеното дејство, информирајте го дека следниот пат ќе мора да ја напушти салата
  - Повикајте го вашиот водач на тимот за помош ако некој гледач продолжува да повторува недозволени дејства дури и по ваш совет

  **Внимавајте:**

  - Погрижете се да не се ставите во опасност
  - Погрижете се да ги добиете информациите за вашата оперативна област и за натпреварите, бидејќи гледачите често поставуваат прашања во врска со натпреварите и самото првенство
  - Внимавајте на просторот за седење (блокот, редот, седиштето), блиските објекти и распоредот на натпревари

**Лични карактеристики:**

Доколку работа во движење и подолги часови поминати на нозе не ви се тешкотија, а притоа уживате во комуникација со повеќе луѓе истовремено, тогаш оваа оперативна област е за вас. Ако вашиот карактер го опишуваат учтивост во пристапот, подготвеност да помогнете во секое време и да реагирате брзо и соодветно, дојдете и приклучете му се на тимот волонтери и бидете првиот контакт на посетителите и на навивачите со првенството во и околу салата.

**Работни денови:** 8

**30.08 – 06.09**/ 15h – 22h.

## 10. Канцеларија на волонтери

**Опис на оперативната област**

Членовите на тимот „Менаџмент на волонтери“ ќе му помагаат на ЛОК во канцеларијата за волонтери со активности и пред почетокот на ЦЕВ Европското првенство 2023. Вие ќе се грижите за своите колеги волонтери заедно со менаџментот во исполнување на секојдневните обврски и предизвици. Вие ќе бидете одговорни за волонтерските простори (на пример канцеларијата за волонтери и делот за релаксација), но исто така ќе го поддржувате и менаџерот на волонтери со разни задачи, како што се подготовка на материјали, дистрибуција на храна и сокови, одржување на тековните екипи со смени, нивна промена доколку има потреба и ќе комуницирате со волонтерите за какви било промени.

Како што сугерира називот, менаџирањето со волонтерите е потребно за да го направиме нивното искуство колку што може поинтересно. Ваше е да бидете сигурни дека сите волонтери се среќни и ја добиваат потребната помош и поддршка кога и да им треба.

**Клучни задачи:**

- Контакти со потенцијалните кандидати за волонтери
- Регистрација на веќе избраните волонтери
- Помош во организирање и спроведување обуки и брифинзи
- Грижа за регулирање на смените и пријавувањето волонтери
- Грижа за храна и пијалаци за волонтерите
- Следење и обезбедување потребни услуги за волонтерите на највисоко ниво
- Мотивација на волонтерите во извршување на нивните задачи и нивна помош

**Лични карактеристики:**

Вие сте за оваа оперативна област доколку работата со луѓе ви претставува задоволство, а изнаоѓањето брзи и навремени решенија е мотивирачки предизвик за вас. Во случај да сте подготвени да работите под притисок, да имате желба да бидете дел од тим којшто директно ќе влијае врз искуството на волонтерите, на нивната желба, но и на мотивација повторно да волонтираат во иднина, а љубопитни сте да се запознаете со, како и да стекнете искуство во менаџирањето човечки ресурси, тогаш ве чекаме да ни се придружите.

**Работни денови: 15 23.08 – 06.09/** 10h – 24h. во смени